ЦеПроСАРД

**Јуни 2023**

# Е БИЛТЕН 37



## ВМРЕЖУВАЊЕ ВО ЗАЕДНИЧКО СПРАВУВАЊЕ СО КЛИМАТСКИТЕ ПРОМЕНИ

Климатските промени имаат сериозно влијание врз животот во урбаните и руралните населби и во сите сектори како во Република Северна Македонија така и пошироко. Во земјоделството особено се чувствува намалувањето на приноси, потреба за дополнително наводнување или одводнување и зголемена појава на нетипични болести кај растенијата и животните. Како резултат на овие промени се поизразена е сиромаштијата, недостигот од чиста вода како и пад на доброто здравје и благосостојбата на жителите на РСМ.

ЗГ ЦеПроСАРД поддржувајќи ги " Целите за одржлив развој" на кои Обединетите нации работат во Северна Македонија , се приклучува кон глобалниот повик на вмрежување на сите засегнати чинители во за акција да се стави крај на сиромаштијата, да се заштити животната средина и климата и да се обезбеди сите луѓе да уживаат во мир и просперитет.

Со цел ублажување на климатските промени и прилагодување кон истите, ЗГ ЦеПроСАРД во креирањето на своите проекти применува практики кои ќе придонесат кон ублажување на климатските промени, соодветно прилагодување кон истите и паралелно со тој процес да се зголеми примената и користењето на одржливи извори на енергија. Се обидуваме во својте проекти да вклучиме активни мерки за да се поттикне развојот на одржлив начин, преку ефикасно користење на природните ресурси како што се водата, почвата и воздухот и да се придонесе кон заштита на биодиверзитетот, подобрување на услугите на еконосистемот и зачувување на природните живеалкишта и заштитените предели.

Ве повикуваме придружете ни се заедно да го промовираме и практикуваме производство на енергија од одржливи извори и подбрувањето на енергетската ефикасност.

**Од тимот на ЦеПроСАРД**

# Заедно за повеќе можности и поддршка – ТИМОР





Во последното тримесечие на рамките на проектот „Заедно за повеќе можности и поддршка – ТИМОР", проектниот тим посебно внимание обрна на воспоставување на иновативни услуги во заедницата, односно имплементација на окупационо-хортикултурна терапија за сите преселени корисници.

Во месец март, ангажираниот тим составен од земјоделски експерт од Факултетот за земјоделски науки и храна, Скопје и агрономот при Специјалниот Завод Демир Капија извршија обработка на доделениот дел од земјиштето во Депандансот во Специјалниот Завод Демир Капија. Земјиштето потоа беше посадено со ароматични билки – лаванда и босилек од страна на неколку работници и преселените корисници. Сите хориткултурни активности (садење, одгледување, наводнување, итн.) на ароматичните билки на полето се спроведуваат од страна на корисниците преселени станбените единици за живеење со поддршка под раководство на СЗ Демир Капија, воспоставени во времетраењето на проектот, со директна вклученост и организираност на течението на активностите од страна на лице за стручна поддршка и координаторите на станбените единици. Лековити билки – лаванда, жалфија и рузмарин беа обезбедени и за земјиште во сопственост на Здружението на лица со церебрална парализа и други попречености – Велес. Покрај ангажманот на поле, во сите 10 домови отворени во рамки на проектот, беа посадени сезонски цвеќиња од асистентите и корисниците, со што придонесуваме кон активна рехабилитација на нашите корисници преку хориткултурни – окупациони активности и по завршување на проектните активности.

Во текот на месец април, за 10те отворени станбени единици за живеење со поддршка во заедницата обезбедивме мали спортски реквизити наменети за рехабилитациски активности, самостојно и со физиотерапевтите во домовите. За сите домови исто така беа однесени медицински помагала, електрични дигалки, облека, опрема за домот и останати реквизити за олеснето функционирање на стручниот кадар и подобра нега за преселните корисници.

Во последната недела на месец април, непосредно пред завршување на проектот, во просториите на Национална и универзитетска библиотека „Св.Климент Охридски" во Скопје го одржавме и Завршниот настан на проектот, на кој направивме приказ на изминатите 40 месеци на посветена работа, значајноста на процесот на деинституционализација во дражавата, постигнатите проектни резултати, тековната состојба на воспоставените станбени единици за живеење со поддршка во заедницата, како и дополнителен развој на социјални услуги во Република Северна Македонија и препораки за идните предизвици. Почесни говорници на настанот беа Г-дин Нафи Сарачини, претставник од Европската Делегација, г-ѓа Дрита Аслани, претставник од Министерството за труд и социјална политика, а свое завршно обраќање со заклучоци од проецесот даде г-дин Владимир Лазовски од СОС Детско село. Со постигнатите резултати, проектот придонесе кон подобрување на условите за живеење на лицата со попреченост преку нивна преселба во станбени единици за живеење со поддршка во заедницата, истовремено ги зајакна капацитетите на стручни лица кои нудат социјална грижа и нега со соодветни обуки и успешно инкорпорираше иновативни социјални услуги во заедницата – окупациона-хортикултурна терапија.

На настанот, направивме и проекција на документарниот видео изработено во рамките на проектот, отсликувајќи ги позитивните промени направени во изминатите три години. Како дел од промотивните активности на проектот, беше публикувана и Монографијата – Заедно за повеќе можности и поддршка.

Во текот на целокупното времетраење на проектот, се стремевме кон сеопфатна инклузија преку подигнување на јавната свест за прифаќање и активно вклучување на лицата со попреченост во сите апсекти на општествениот живот. Изразуваме огромна благодарност до проектните партнери и сите останати вклучени лица и чинители кои дадоа поддршка и свој значаен придонес во успешна реализација на проектот.

Проектот се спроведуваше во рамките на Акционата програма ИПА II 2017 на Поддршката на ЕУ за образование, вработување и социјална политика - Поддршка на процесот на деинституционализација во социјалниот сектор во земјата.

Проектот е финансиран од Европската Унија со времетраење од 36 месеци, а се спроведуваше од страна на ЗГ ЦеПроСАРД во конзорциум со:

• Специјален Завод "Демир Капија";

• Општина Демир Капија и

• Фондација Лоза од Шведска

• Сојузот на специјални едукатори и рехабилитатори на Република Северна Македонија

## Поддршка на социјалните претпријатија следејќи го принципот „Не оставај никој зад себе"







Во изминатиот квартал проектниот тим на проектот континуирано работи на зајакнување на капацитетите на регрантираните организации и реализирањето на клучните проектни активности, поддршка на вработувањето на лица од ранливи групи и вмрежување на сите чинители во процесот на градењето на Социјалното Претприемништво.

На почетокот на месец Јуни 2023 година, продолжувањето на проектот “Поддршка на социјалните претпријатија следејќи го принципот- Не оставај никој зад себе” е официјално одобрено за дополнителни 4 месеци имплементација на проектните активности и резултати. Ова продолжување е од клучно значење со цел целосно реализирање на проектните апликации кои се регрантирани во реамките на овој проект, а финансирани од страна на Европската Унија и нивно целосно затворање. Во целокупниот процес на зајакнување на капацитетите на 6 регрантирани организации покрај реализацијата на Обуките по мерка во областите на Дигиталниот Маркетинг, Енергетската ефикасност и обновливи извори на енергија и Заштита на животната средина, овозможивме дополнителни обуки во областите на ЕЕ и ОИЕ, и ЖС со цел оние кои немаа можност да учествуваат на некоја од наведените теми ќе имаат можност да се вклучат во рамките на овие дополнителни обуки.



Дополнителните обуки во областите од ЕЕ и ОИЕ и ЖС ќе бидат достапни и се пошироката јавност чии термини редовно ќе се објавуваат на социјалните мрежи и вебстраната на ЦеПроСАРД. Во текот на продолжувањто на проектот ќе се поддржат вработувања на најмалку 10 лица од ранливите групи (лица со попреченост, жени во ризик, долгорочно невработени и млади лица до 29 години).

Како еден од најголемите атрибути на градењето на Социјалното Претприемништво е градењето на мрежата за соработка на сите чинители во процесот на поддршка од страна на проектот. Вмрежувањето во текот на целиот проект се одвива преку работни средби со единици на локална самоуправа, јавни институции, бизнис секторот и НВО секторот, каде како резултат на овие работни средби произлегоа 10 Меморандуми за соработка. Сите чинители и грантисти кои се вклучија во мрежата за градење на Социјалното Претприемништво беа поканети на Првата средба за вмрежување и соработка на различни чинители за подобрување на социјалното претприемништво, која се одржа во текот на месец мај 2023 година. Во првата сесија на настанот, беа споделени досегашните искуства и напредокот на активностите во полето на социјални претпријатија во земјата. Исто така, реграниттираните организации ги претставија своите проекти како и текот на имплементацијата. Вториот дел беше посветен на споделување на искуства при креирање одржливи работни места за потешко вработливите граѓани во социјалните претпријатија преку примери од организациите во кои се вработени лица по проектот.






## Проект Зелена Топлина – зајакнати капацитетите и улога на локалните чинители во процесите на носење одлуки и имплементација на активности на локално ниво





Во периодот април – мај 2023, тимот на проектот Зелена топлина од општина Радовиш и ЦеПроСАРД, организираше два значајни настани за унапредувањето на учеството на локалните чинители во носењето одлуки и следењето на имплементацијата на активностите кои ги спроведува општината, како и за зајакнување на нивните капацитетите преку презентација на слични проекти од земјите членки на ЕУ.

Така, на 26.04.2023 се одржа првиот состанок на Локалната група на засегнати чинители (ЛГЗЧ) на проектот со кој ќе се воведе нова, современа општинска услуга за греење базирано на обновливи извори на енергија (ОИЕ) во пет јавни згради во оптштината. На средбата, градоначалникот на Радовиш г-н Ацо Ристов, ги истакна придобивките од ОИЕ, планираните чекори за централно и дигитализирано управување со новата услуга за греење и за плановите за одржлива иднина на општината Радовиш. Проектниот координатор од ЦеПроСАРД, г-а Ивана Петкановска, ги претстави досега спроведените и планираните активности во рамки проектот и ги повика членовите на ЛГЗЧ (локалните институции, граѓанското општество, бизнис заедницата), активно да учествуваат во целиот процес на имплементација на проектот и со тоа да придонесат за неговиот успех.

Во периодот пак од 25 – 27 мај во Радовиш се одржа обуката „Трансфер на знаења, искуства и добри практики“.на која претставници од градот Белишќе - придружен партнер во проектот Зелена топлина, на претставниците од релевантните локални институции им ги презентираа своите искуства поврзани со управувањето на комуналната услуга за греење со користење на ОИЕ. Презентациите ги опфатија и темите: Белишќе – енергетски независен град, проектот за изградба на еко топлана во Белишќе, проектот за реконструкција на јавното осветлување во Белишќе по ЕСКО моделот, инсталација на соларни електрани на згради во сопственост на градот, СЕКАП (SECAP) - План за одржлива енергија и климатски акции и др.

Проектот е ко-финансиран од Европската Унија



**Обуки**



**Консултантски услуги**



**Мрежи**

## Консултантски услуги кон локалната самоуправа

Во месец јуни во просториите на општина Ѓорче Петров почна реализацијата на работилниците по медиуми за изработка на ЛЕАП за Општина Ѓорче Петров. На работилниците тимот на ЗГ ЦеПроСАРД ги презентираше резултатите од спроведената анкета за испитување на јавното мислење на граѓаните од општина Ѓорче Петров за проблемите со животната средина.



ЗГ ЦеПроСАРД заедно со членовите номинирани во работните групи, ги дефинираа првите предлози на приоритетните активности за подобрување на состојбите со медиумите почва, воздух, отпад, природа и биодиверзитет на територијата на општината. Активноста се спроведува во рамките на проектот WWT-SWM„Пилот интервенции за третман на отпадни води и управување со цврст отпад во прекуграничен регион", имплементиран помеѓу општина Ѓорче Петров и Општина Ново Брдо од Косово.

## Соработка со бизнис секторот - ЗГ ЦеПроСАРД континуирано соработува со бизнис секторот

За потребите на Силген Ресурсис Интернешнл ЛТД започнавме со спроведување на јавна анкета за испитување на јавното мислење на граѓаните од општина Пробиштип и Кратово за важноста од вклучување на бизнис секторот- Силген ресурсис, во локалната економија. По спроведената анкета ќе следува изработка на анализа за спроведување на Стратегија за комуникација, како и отпочнување на обуки за вработени од страна на експерти за спроведување на активности и квалитетно информирање на јавноста за работниот процес.

Комуникацијата со граѓаните во сите фази на реализација на проект е важен фактор за успешност на проектот кој се спроведува од јавниот и приватниот сектор, а има социо-економско влијание и влијание врз животната средина на локалната заедница.

# Усовршување на знаењето и вештините на тимот на ЗГ ЦеПроСАРД

Дел од тимот на ЦеПроСАРД 05-06 мај посети дводневна обука во хотел Гранит, Охрид организиран од страна на Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП).

На обуката беа разработени следните тематики:

➡️ Преглед на релевантните политики на ЕУ во врска со планирањето на одржлив локален и регионален развој, насочени кон постигнување социјална, економска и територијална кохезија и зелена транзиција.

➡️ Основни начела во планирањето на локално ниво и улогата на општините и регионите.

➡️ Важност на развојното планирање на локално ниво и врската помеѓу планирањето, проектите и изворите на финансирање за нивна реализација.

➡️ Примена на Методолошкиот прирачник за подготовка на Интегрирани локални развојни планови.

Тимот на ЦеПроСАРД исто така присуствуваше и на тродневна обука во Хотел Монтана Крушево каде што учествуваше во обуката за еколошко право и климатски промени. Обуката се спроведе во рамки на Проектот “Заедно за климатска акција” организирано од Еко Свест, Младинско Здружение на Млади Правници и CNVP и Sweden Sverige, финансиран и поддржан од страна на Шведска.

Copyright © 2023 CeProSARD, All rights reserved.

Our mailing address is: info@ceprosard.org.mk

Want to change how you receive these emails? You can update your preferences or unsubscribe from this list.